Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 11-159/4
06. 02. 2024 год
Новаци

**ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република С. Македонија**
**тел/фах 047-203-060; e-mail- novacio@t.mk**

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 147/08 и 45/11), Градоначалникот на Општина Новаци

О Р Г А Н И З И Р А

Јавен увид и консултација со јавноста по Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Урбанистички план за село Будимирци, општина Новаци

1. Се информира јавноста дека ставен е на увид и консултација со јавноста, Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животна средина за Урбанистички план за село Будимирци, општина Новаци.
2. Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина може да се разгледа во просториите на општина Новаци секој работен ден од 8 - 15 часот почнувајќи од 09.02.2024 до 09.03.2024 година.
3. Консултцијата со јавноста ќе се одржи на ден 26.02.2024 година во административните простории на општина Новаци, со почеток во 13.30 часот.
4. Правните и физичките лица и јавноста можат да го доставаат своето мислење во врска со Извештајот до општина Новаци во рок од 30 дена на јавен увид.
5. Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење, забелешки и предлози по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина или истите можете да ги испраќате на е-маил: opstina@opstinanovaci.gov.mk или по пошта на следната адреса: с. Новаци, 7211 Новаци.

ОПШТИНА НОВАЦИ
Градоначалник
Стевче Стевановски